„Ве молам возете полека“ нова кампања за поголема безбедност во сообраќајот

Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Охрид, согласно програмата за работа за 2016 година, во соработка со Локалната самоуправа, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи и предшколската установа „Јасна Ристеска“, годинава, заедно со децата од предшколска возраст, во Охрид ќе ја реализира сообраќајно-воспитна кампања „Ве молам возете полека“.

Годинава, во рамките на кампања ќе се реализира и едукативниот проект "Децата-безбедни во сообраќајот“.Предвидено е на кружната раскрсница на пресекот на булеварите „Туристичка“ и „АСНОМ“, да дојдат околу 200 деца од сите градинки во Охрид кои претходно ќе тргнат од своите детски градинки и со транспаренти ќе дојдат до кружниот тек, да застанат до штитниците поставени на сите четири страни од кружната раскрсница и да ги истакнат своите транспаренти со пораки до возачите .

Според претседателот на Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот, м-р Стефан Димоски, во реализацијата на кампањата „Ве молам возете полека“ ќе се вклучат и полициски службеници, претставници од Здружението на пензионерите од Охрид и Дебарца, медицинска екипа на Брза помош и од Противпожарната територијална единица од Охрид. Тие, заедно со децата, на возачите ќе им делат едукативни флаери и ќе им се обратат со пораката „Ве молам возете полека“.

Целта на овие проекти и кампањи е подигнување на свеста и совеста кај најмладите за внимателно учество во сообраќајот, кај возачите на автомобили за совесно и одговорно управување со автомобилите и другите превозни средства, за почитување на сообраќајните правила и прописи како клучни за поголема безбедност во сообраќајот и намалување на сообраќајните незгоди.